ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-1362/10
Дата, Data 10-03-2023
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр. бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018), в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2023**

За извршител на работно место:

1. Раководител на одделение за даватели на јавни услуги и помошно технички лица, во Одделение за даватели на јавни услуги и помошно технички лица, во Сектор Човечки ресурси, со шифра КДР0102Б04127, ниво БО4, 1(еден) извршител, се избира кандидатот:

   **Ѓорѓи Бошковски**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 17.02.2023 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: **Раководител на одделение за даватели на јавни услуги и помошно технички лица, во Одделение за даватели на јавни услуги и помошно технички лица, во Сектор Човечки ресурси, со шифра КДР0102Б04127, ниво БО4, 1 (еден) извршител,** со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0302-1122/3 од 28.02.2022 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на интерниот огласот вкупно се пријавени 2 (два) кандидати од кои пријавата со арх.бр.0401-1362/4 од 17.02.2023 година доставена од административниот службеник Ѓорѓи Бошковски е уредна, а пријавата со арх.бр.0401-1362/5

од 20.02.2023 година доставена од Ристана Стојаноска-Коцева **е** неуредна и за тоа состави записник од административна селекција бр. 0401-1362/8 од 07.03.2023 година кој го достави до вд Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесува на тоа дека не го исполнува условот да е на работно место на непосредно пониско ниво.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведеното интервју со кандидатот, изготви и достави до Директорот финална ранг листа бр. 0401-1362/9 од 09.03.2023 година.

Врз основа на финалната ранг листа, в.д. Директорот изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д.Директор
М-р Драган Илиевски

**Доставено до:**
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваните;